# Newsletter 002:

## Директива за транспарентност на платите и нејзиното влијание

## РЕШИТЕЛЕН ЧЕКОР КОН ЕДНАКВИ ПЛАТИ ВО ЕВРОПА

Усвојување на Директивата на Европската унија за транспарентност на платите претставува пресвртница во борбата против родовиот јаз во платите. Овој закон воведува конкретни мерки за да се обезбеди мажите и жените да примаат правични и еднакви плати за еднаков труд. Преку проектот Mind the GAP, синдикалните организации соработуваат за да обезбеди правилна транспозиција и имплементација на оваа директива во земјите учеснички.



### ГЛАВНИ ЕЛЕМЕНТИ НА ДИРЕКТИВАТА

Директивата за транспарентност на платите е заснована на неколку основни столбови:

- Право на информации за платите: Вработените имаат право да ги знаат критериумите кои што се користат за утврдување на нивните плати и истите да ги споредуваат со платите на своите колеги.
- Обврски на работодавачите: Компаниите со повеќе од 100 вработени мораат периодично да известуваат за јазот во платите помеѓу мажите и жените.
- Корективни мерки: Доколку јазот во платите надминува 5% работодавачите имаат обврска да преземат корективни мерки.
- Заштита од одмазда: На работниците кои што ќе пријават нееднаквост во платите им е загарантирана заштита од негативни последици.

Улога на проектот Mind the GAP во имплементацијата

- Проектот Mind The GAP има клучна улога во следењето на имплементацијата на Директивата преку:
- Следење и евалуација на транспозицијата на Директивата во земјите учеснички;
- Обучување на работниците и синдикатите за зајакнување на колективното преговарање во одбрана на еднакви плати;
- Препорачување политики врз основа на анализите на стручњаците и организациите на работниците;
- Размена на најдобри практики меѓу партнерските земји за да се оптимизира примената на прописите.

Co-funded by the European Union

MIND THE GAP

## ПРЕДИЗВИЦИ И ОЧЕКУВАЊА

Иако оваа Директива претставува голем чекор напред, во нејзината имплементација ќе се наидува на предизвици како што се отпор од некои деловни сектори и потреба за засилување на државниот надзор. Преку овој проект настојуваме да придонесеме за обезбедување на ефикасна примена на Директивата што ќе се претвори во вистински подобрувања за работниците.

Во наредните изданија на билтенот, ќе го истражиме влијанието на Директивата врз различни сектори и ќе ги споделиме расказите на работниците кои имале придобивки од овој закон.

**Продолжиме заедно напред кон еднакви плати во Европа!**

Co-funded by the European Union

*"Финансира Европска унија. Изнесените ставови се мислење на самиот(ите) автор и не ги одразуваат нужно ставовите на Европска унија или Европска комисија. За нив не може да се смета дека се одговорни ниту Европска унија ниту органот што ги доделува средствата."*